мај 23, 2015-12:43 pm

# Уметничка работилница „Боите на слободата“

ЦИВИЛ, Центар за слобода, денес со почеток од 16 часот, ја започнува уметничката работилница Боите на слободата.

Работилницата ќе се одржува на затворениот дел од ул. Илинденска и ќе трае до полноќ.

До сега своето учество на работилницата го потврдија Мирослав Стојановиќ-Шуки, Симонида Филипова Китановска, Касиопеја Наумоска, Јана Јакимовска, Валентин Димановски, Митко Гогов, Дороти Пачкова и Адем Сулејмановски.

Во рамките на работилницата, денес во 17 часот, со свој уметнички перформанс ќе настапи Валентин Димановски.

Уметничките дела ќе бидат изложени во самиот простор. Изложбата ќе се отвори во вторник во 20 часот.